# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ФИНАНСОВО ПРАВО-ОПШТ ДЕЛ“ (СКРИПТА) ОД АВТОРИТЕ Д-Р ЉУПЧО БЛАЖЕВСКИ И М-Р КРИСТИНА МИШЕВА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1602-277/3 од 110. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 11 ноември 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– вонреден проф. д-р Марко Андонов, декан на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ колеџ - Скопје и
– вонреден проф. д-р Круме Николоски, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај/рецензија на приложениот ракопис (скрипта) со наслов **„ФИНАНСОВО ПРАВО-ОПШТ ДЕЛ” од авторите д-р Љупчо Блажевски и м-р Кристина Мишева, наменета за студентите од** прв циклус на студии при Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Ракописот со наслов „Финансово право-општ дел“ од авторите д-р Љупчо Блажевски и м-р Кристина Мишева претставува заокружена целина концепирана согласно со актуелната наставна програма по предметот Финансово право наменет за студентите на прв циклус студии на Правниот факултет. Предметот Финансово право се изучува како задолжителен предмет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, со неделен фонд на часови (3+2+2), на студиските програми: Правни студии - Штип на насоките: Финансово право, Административно право и Граѓанско право (V семестар), Правни студии - Струмица на насоките: Финансово право, Административно право и Граѓанско право (V семестар), Правосудна насока – Штип (V семестар), Правосудна насока (VI семестар), Јавна администрација на насоките: Јавна администрација и модул Финансово право (VI семестар) со неделен фонд на часови (2+1+1). Содржината на ракописот (скриптата) е компатабилна и сеофатна за студиските програми за кои е наменет и во целост ги задоволува потребите на студентите да ги добијат потребните знаења.

***Податоци за обемот на ракописот***

Проблематиката што е предмет на обработка во скриптата е претставена во текст од вкупно 76 страници. Текстот во трудот е поткрепен со доволно информации и податоци кои треба да помогнат во доближување и поедноставно претставување на материјата до студентите. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Ariel, големина на фонтот 12. Обемот на скриптата и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Податоци за постоење на ист или сличен наслов***

Рецензентите имаат сознание дека не постојат скрипти со наслов „Финансово право - општ дел“, но постојат универзитетски учебници со сличен назив кои ја покриваат наставната материја од областа на финансовото право.

Во целина, ракописот (скриптата) на д-р Љупчо Блажевски и м-р Кристина Мишева третира мошне атрактивна проблематика која во текот на нејзиниот развој го проширува својот предмет на истражување. Преку содржината опфатена во трудот, читателот би требало да стекне поширока и подетална претстава за поимот, природата и карактерот на финансиите, видовите финансии, поимот и развојот на финансиската дејност на државата, правните основи за остварувањето на финансиската дејност на државата, за настанувањето, постоењето и престанувањето на финансиско-правните односи, развојот на науката за финансиите, финансовото право и финансиската политика. Авторите несомнено успеваат да направат соодветен приказ на специфичните поими следејќи ја нивната еволуција и развој, успевајќи притоа да ја позиционираат нивната улога во системот. Сметаме дека материјалот обработен во скриптата се одликува со голема теоретска и практична значајност, што ќе биде од исклучителна важност за студентите.

Во однос на начинот на организирање на материјалот во скриптата, може да се констатира дека авторите добро ја структурирале содржината и идејната поставеност на трудот. Тоа е направено во согласност со однапред дефинираниот предмет на истражување. Сите концептуални делови на трудот се правилно и логички подредени, додека одделните тематски содржини се детално структурирани и методично презентирани. При изработката на скриптата е употребен логичен и стручен пристап. Техничката обработка е солидна и на високо ниво, со соодветна компјутерска обработка.

***Краток опис на содржината***

Содржински скриптата со наслов „**Финансово право-општ дел**" од авторите д-р Љупчо Блажевски и м-р Кристина Мишева е систематизирана и презентирана во 8 (осум) глави, според следниов редослед:

***Предговор;***

***Предмет на обработка и идејна поставеност на скриптата;***

**Глава 1** Поим настанување и карактеристики на финансиите;
**Глава 2** Финансиската дејност на државата;
**Глава 3** Финансиско-правна норма;
**Глава 4** Финансиско-правен однос;
**Глава 5** Финансово право;
**Глава 6** Наука за финансиите;
**Глава 7** Финансиска политика;
**Глава 8** Финансиски систем**;**

***Библиографија***

Во првата глава е елаборирана етимолошката генезата на финансиите, причините за нивното појавување, процесот на стопанисувањето со пари и нивната межусебна поврзаност. Понатаму, се укажува на целите и задачите кои се остваруваат преку финансиите како и разликите меѓу поимот финансии и останатите финансиски поими. Авторите преку различните креитериуми за поделба на финансиите ги елаборираат различните класификации и поделби давајќи акцент на поделбата на финансиите на јавни и приватни.

Втората глава од трудот неминовно е условена од првата глава. Во оваа глава авторите посебно се задржуваат на финансиката дејност на државата, укажувајќи на причините кои довеле до појава на државна дејност и преку дефинирањето на поимот ја даваат суштината и потребата од постоењето на финансиската дејност на државата. Понатаму, во овој дел го објаснуваат задачите, дејството и кои се правните основи за вршење на финансиската дејност на државата. На еден сублимиран начин ги даваат основните карактеристики на основните инструменти на јавните финансии.

Во третата глава од содржината на скриптата се дефинира финансиско-правната норма. Имено, се даваат карактеристките кои финансиско-правната норма ја разликува од останатите правни норми. Авторите потенцираат дека правилата со кои нешто се забранува, овластува или ополномоштува, во врска со стопанисувањето со пари, мора

да бидат донесени во претходо пропишана постапка и од надлежен орган за да имаат својство на финансиско-правни норми. Кои елеменит се потребни за да едно правило стане финансиско-правна норма. А во зависност од субјектите, објектите, времето, начинот на дејствување и обемот финансиско-правните норми можат да се класифицираат, поделат и различно определат.

Четвртата глава именувана како **Финансиско-правен однос** е со најголем обем. Авторите ги разграничиле финансиско-правните односи од другите финансиски односи што е мошне важно, бидејќи учеството на државата и на јавно-правните тела е поврзано со ius imperium, што не е карактеристично за другите општествени односи кои имаат финансиски елемент. Посветеноста на оваа глава од теоретско-правен аспект е круцијална за студентите да го диференцираат финансиско-правниот однос, да осознаат кога настанува и престанува еден финансиско-правен однос. Кои се субјектите, а кои учесници во овој вид на правен однос. Како активниот, а како пасивниот субјект стекнува правна и деловна способност во финансиско-правниот однос и кои се нивните права и обврски кои произлегуваат од воспоставениот однос. Се дефинира објектот на финансиско-правниот однос, правото она кон што е насочено некое субјективно право, врз кого или по повод што се настанува, се остварува некој правен однос. Понатаму, се објаснуваат правните основи за настанување на финансиско-правниот однос, методите кои ги користат современите држави за навремено исполнување на обврските на пасивните субјекти.

Авторите во петтата глава од ракописот (скриптата) го дефинираат финансовото право, хронолошки го прикажуваат развојот и неговото издигнување во самостојана и автономна научна дисциплина. Понатаму, го претставуваат како дел од позитивното право на секој модерен правен систем преку кој се регулираат правните односи што настануваат во врска со: режимот на употреба на парите, собирањето и управувањето со државните приходи, начинот на трошењето на државните расходи и државната финансиска евиденција и контрола.

Шестата глава го опфаќа делот за науката на финансиите. Во оваа глава, авторите упатуваат дека финансиската наука не е само дел од економската наука и покрај многубројните економски аспекти на финансиската дејност на дражавата и другите јавно-правни тела, туку дека науката на финансиите е условена и посебно поврзана со финансиската историја, финансиската социологија, финансиската статистика и финансиската психологија. Авторите оправдано констатираат дека во состав на науката за финансиите спаѓаат деловните, монетарните и јавните финансии.

Седмата глава посветена на финансиската политика, прави еден хронолошки и теоретски пристап кон идеалистичките школи во различните периоди од развојот на општеството.

Во последната (осма) глава авторите ја заокружуваат целината на ракописот со тоа што укажуваат на неопходната поврзаност на финансиите со создавањето на институционална структура преку која ќе може да се реализираат и de facto да се почитуваат финансиските правила. Од појавата на финансиите додека се појавил заокружен финансиски систем и додека тој не добил физиономија каква што е денес вообичаена, поминало долго време. Создавањето на финансискиот систем се одвивало постепено и зависело од многу околности, при што покрај карактерот на општествено-економско уредување, значајна улога имала техничко-технолошкиот развој.

Преку ваквиот начин на обработка на предметната проблематика, сметаме дека аворите д-р Љупчо Блажевски и м-р Кристина Мишева ја постигнале главната цел за изработка на овој ракопис, а тоа е студентите да можат на симплифициран и приемчив начин да ја разберат суштината на предметот, што е од особена важност за нивното понатамошно специјализирање и дообразување.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на горенаведените констатации, сметаме дека ракописот (скриптата) со наслов „Финансово право - општ дел" е солидно изработен истражувачки труд, кој изобилува со доста квалитетна научна содржина. Авторите пред себе си имаат зададено јасна задача и цел на кои што успеале мошне успешно да одговорат. Очекуваниот научен придонес на гореименуваната скрипта се огледа во добивањето на поголемо наставно-образовно, стручно, академско и посовремено значење на оваа специфична проблематика. Несомнено, предметниот труд дава еден сеопфатен приказ на теоретските и научни аспекти на финансовото право како посебна научна дисциплина. Единствен е впечатокот дека академската и професионална подготвеност на авторите овозможила вакво високо ниво на овој труд. Евидентно е дека авторите се на „свој терен" и за нив нема никакви изненадувања во материјата којашто се нафатиле да ја обработуваат.

Преку изучувањето на содржините на овој ракопис, студентите ќе имаат можност да стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе ги применуваат и во останатите предметни дисциплини.

Имајќи го предвид наведеното, со големо задоволство и чест на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип му предлагаме учебното помагало (скрипта) со наслов **„Финансово право – општ дел"** од авторите д-р Љупчо Блажевски и м-р Кристина Мишева да биде одобрено за издавање и со тоа да стане достапно во форма на дополнителна или алтернативна литература, како за студентите, така и за пошироката научна и стручна јавност.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вон. проф. д-р Марко Андонов, с.р.**
**Вон. проф. д-р Круме Николоски, с.р.**